Р Е П У Б Л И К А   М А К Е Д О Н И Ј А
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ШТИП
В О Е Н А   А К А Д Е М И Ј А
„Генерал Михаило Апостолски“ Скопје
- придружна членка -

# Б И Л Т Е Н
## НА ВОЕНАТА АКАДЕМИЈА

# 61

16 мај 2013 година
Скопје

# С О Д Р Ж И Н А

1. Реферат за избор на наставник во сите звања во научно подрачје: техничко-технолошки науки, научно поле: компјутерска техника и информатика, научна област: информациони системи и мрежи, програмски јазици и технологии............................1127

2. Реферат за избор на наставник во научното подрачје: општествени науки, научно поле: безбедност, научна област: безбедносни закани и ризици, современо војување, воени вештини...................................................................................................1138

3. Реферат за избор на наставник во наставно-научно насловно звање во научната област: управно право..........................................................................................1144

4. Реферат за избор на наставник во наставно-научно насловно звање во научната област: право на европската унија, меѓународни односи и историја на дипломатија, криминологија...................................................................................................1148

5. Реферат за избор на наставник во сите звања во научното подрачје: општествени науки, научно поле: одбрана, научна област: национална безбедност, меѓународна безбедност, безбедносни и разузнавачки системи........................................................1153

6. Реферат за избор на виши предавачи по предметот: специјално физичко вежбање и спорт...........................................................................................................1163

# РЕФЕРАТ

# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ВО НАУЧНО ПОДРАЧЈЕ: ТЕХНИЧКО -ТЕХНОЛОШКИ НАУКИ, НАУЧНО ПОЛЕ: КОМПЈУТЕРСКА ТЕХНИКА И ИНФОРМАТИКА, НАУЧНА ОБЛАСТ: ИНФОРМАЦИОНИ СИСТЕМИ И МРЕЖИ И НАУЧНА ОБЛАСТ: ПРОГРАМСКИ ЈАЗИЦИ И ТЕХНОЛОГИИ

Врз основа на член 132, став 2, од Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија", бр. 35/08, 103/08,26/09,83/09,99/09,115/10,17/11 и 51/11), а согласно член 32 став 1 Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип и Законот за Воена академија („Службен весник на Република Македонија", бр. 83/09), Наставно-научниот совет на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски" - Скопје на својата 48-та седница одржана на ден 30.04.2013 година со Одлука бр. 03-17/75 од 02.05.2013 не избра за членови на Рецензентската комисија за избор на *наставник за наставно-научна звање во научна област: информациони системи и мрежи и научна област: програмски јазици и технологии.*

Комисијата утврди дека по распишаниот Конкурс, објавен во дневните весници „Дневник" и „Журнал" на ден 09.04.2013 година, во предвидениот рок како единствен кандидат се пријави кандидатот мајор д-р Југослав Ачкоски, соработник. Врз основа на приложената документација и познавањето на кандидатот, Рецензентската комисија, согласно Член 132 од Законот за високо образование, го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### I. Биографски податоци

- Кандидатот **д-р Југослав Ачкоски** е роден на ден 20.10.1976 година во Прилеп, општина Прилеп, Република Македонија. Основното образование го започнува и го завршува во Скопје. Школувањето го продолжува во природно-математичката гимназија „Никола Карев" во Скопје. Во 1995 година завршува природно-математичката гимназија, а во 2000 година дипломира на Воената академија "Генерал Михаило Апостолски" во Скопје, со што се здобива со звање дипломиран артилериски офицер.

Од 2000 година е активно воено лице на служба во Армијата на Република Македонија (АРМ). Од почетокот е вклучен во системот на военото образование и обука во АРМ, најнапред како командир на вод во чРОф (чета за Резервни офицери), а подоцна и командир на питомечка чета во питомечки баталјон во Скопје. Моментално е во чин мајор и воедно е Заменик на Раководителот на Катедра за безбедност, кризен менаџмент, заштита и спасување во Воена Академија.

Постдипломски студии - магистратура завршил во 2007 година на Факултетот за електротехника и информациски технологии на Институтот за Компјутерска техника и информатика при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Со одбрана на

магистерскиот труд под наслов *“Прототип за Е-Архив”* стекнува научно звање **магистер по електротехнички науки**.

На ден 23.01.2013 година, на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј”, ја одбрани докторската дисертација со наслов “*Примена на сервисно ориентирана архитектура за развој на прототип на информациски систем за разузнавање*” и се стекна со научно звање **доктор по технички науки**.

Врз основа на член 124 од Законот за Високо образование („Сл. Весник на РМ“ бр. 35/08), а согласно член 214 од Статут на Воена академија бр. 02-2956/1 од 14.04.2010 година и со одлука на Воена академија бр. 03-25/60 од 06.09.2010 година е избран за соработник по предметот *Сигурност на компјутерски системи, компјутерски криминал и компјутерски тероризам*, а од јануари 2012 година со одлука на ННС е избран за соработник и по предметите *Системи за управување со оган* и *Безбедност на информациско-комуникациски системи*. Исто така е ангажиран и во предавањата за ГИС по предметот *ТПЦНК*.

Има објавено повеќе научни и стручни трудови во земјата и странство од областите што се предмет на неговиот интерес. Кандидатот одлично го познава англискиот јазик.

## II. Наставно-образовна дејност

Кандидатот д-р Југослав Ачкоски како **наставна активност**, одговорно, стручно, квалитетно и креативно ја организирал и изведувал наставата во курсевите за офицери за службите во АРМ на Воената академија во наставно-научната област природни науки, за предметот: *Информатика,* а наставата на првиот циклус на студии на Воената академија во наставно-научната област воени науки, за предметот: *Топографско-геодетска подготовка во Артилерија(ТГП)*. Исто така се ангажирал во наставата на курсот за резервни офицери во АРМ, каде изведувал настава од обласа на воени науки, за предметот: *Методика на тактичка обу*ка.

Во рамките на професионалното ангажирање и **планско програмските активности** на кандидатот, треба да се истакне дека бил член и активно учествувал во работата на работните групи за Стандардизација на Разузнавањето, Контраразузнавањето и Безбедноста (заменик претседател во РГС-12), како и член на ИПТ (Интегриран проектин тим) за C3I (command, control, communication and information) системот и член на РГ (Работна група) за DMS (Document Menagment System). Ангажиран бил и како носител на голем број активности во кои се разработува проблематиката за разузнавањето, контраразузнавањето и безбедноста.

Кандидатот има извршено и рецензија на повеќе трудови на конференции. Најголем дел од рецезиите се извршени на конференцијата ICT Innovations која ја организира ICT ACT Association (3 рецензии) и конференцијата MILCON организирана од Воената академија (2 рецензии).

За време на својот професионален ангажман има изработено и повеќе елаборати и студии поврзани со развојот на разузнањето, а учествувал и во изработката на

Елаборатот за акредитација на студиските програми за прв циклус на студии Воената академија.

Ангажиран е во поголем број на факултетски комисии, и тоа: Комисија за евалуација на наставниот и соработничкиот кадар (x3), Комисија за прием на пилоти (x2), Комисија за попис на МТС на Воена Академија (x3), Комисија за прием на кандидати на КША и постдипломски студии (x1) и Работна група за подготовка и реализација на Летен Кампус (x3).

Кандидатот бил ангажиран во реализацијата на голем број меѓународни активности, од кои овдека ги наведуваме само позначајните:

- Активно учествувал како член на техничката група во подготовките и реализацијата на вежбите од серијалот Симулациска мрежа на Југоисточна Европа (*South Eastern Europe Simulation - SEESIM*), и тоа во SEESIM 04, Истанбул, Р.Турција
- Активно учествувал во Здружената работна група за развој на способноста на беспилотни летала при НАТО (*Joint Capability Group UAV – (JCGUAV))*, како национален претставник од Република Македонија;
- Во 2010 година одреден е за Раководител на Семинар на тема: „ИСТАР капацитети и способности за поддршка на баталјон во мировни мисии“, одржан 15-17 јуни 2010 година во Скопје, Р.Македонија;
- Во текот на 2006 година има завршено Курс за мировни набљудувачи, одржан 10-30 септември 2006 година во Центарот за обука на мировни набљудувачи, Солонок, Р. Унгарија;
- Во текот на 2007 година има завршено Семинар на тема „Military Intelligence Role in PKO“, Пула, Хрватска;
- Летен кампус 2011 година – Офицер за информациско-комуникациска поддршка, ЦО Пепелиште, Македонија;
- Летен кампус 2012 година – Офицер за информациско-комуникациска поддршка, ЦО Пепелиште, Македонија;
- Летен кампус 2013 година – Офицер за информациско-комуникациска поддршка, ЦО Пепелиште, Македонија;

Како што може да се види, наставно-образовната активност и работата на развојот на современата наставна база се поклопува со научно-стручниот развој на д-р Југослав Ачкоски во изминатиот период, што во иднина ќе придонесе за поуспешно реализирање на наставните задачи и за развој на наставно-научните области и предметите за кои кандидатот е пријавен да биде избран во наставно-научно звање.

## III. Научно-истражувачка работа

Кандидатот има објавено трудови, по следниот хронолошки редослед:

**Трудови во списанија:**

[A1] **Jugoslav Achkoski**, Vladimir Trajkovik and Metodija Dojchinovski, "An Intelligence Information System based on Service-Oriented Architecture: A Survey of Security Issues," Information & Security: An International Journal, vol. 27 pp: 91-111. (2011)

This paper main aim is to give contribution in developing suitable security solution to Intelligence Information System using web service security standards in order to reach appropriate level of information security as a authentication, authorization, privacy, integrity, trust, federated identities, confidentiality and more. Our paper uses approach in which useful information provided by the services is send out directly from the creators of information to the consumers of information. We introduce security and loging system that can be used as verification and validation middleware.

[A2] **Jugoslav Achkoski** and Vladimir Trajkovik, "Usage of Service-Oriented Architecture for Developing Prototype of Intelligence Information System" TEM Journal, 2012

The level of technological development in society has influence on implementing contemporary technologies because benefits of using ICT make pressure on increasing level of development in society.In this paper we propose key points of usage of Service-Oriented Architecture for developing Prototype of Intelligence Information System.

[A3] **Југослав Ачкоски**, Методија Дојчиновски, Сајбер криминал и заштита на дигиталните податоци во компјутерските мрежи, Национално теоретско списание „Современа македонска одбрана“, Скопје, Р. Македонија, Април 2011

Појавата на новите облици на криминал, а предизвикани од развојот на информациско-комуникациската технологија, преставуваат предизвик на современото општевството, што значи дека во иднина се потребни големи напори со кои ќе се спречи остварување на целта на сајбер криминалот. Во трудот се презентирани основите за сајбер криминалот и заштитата на дигиталните податоци во компјутерски мрежи, со цел да се даде придонес во справувањето со овој модерен облик на криминал.

[A4] Методија Дојчиновски, **Југослав Ачкоски**, Менаџментот во одбраната и успешното владеење во демократиите, Меѓународно научно списание за одбрана, безбедност и мир „Современа македонска одбрана“, Скопје, Р. Македонија, Декември 2012. (ISSN 1409-8199)

Трудот ги презентира основните карактеристики и поврзаноста помеѓу начинот на менаџирањето во одбранбениот сектор и остварувањето на успешно владеење во современите демократии. Принципите на остварувањето на менаџментот се дел од поголема група внатрешни и надворешни фактори, од коишто посебно би се издвоиле

економските процеси, партиципацијата, владеењето на правото, транспарентноста, способноста за одговор, консензуалната ориентација, непристрасноста и вклучителноста, ефективноста и продуктивноста, одговорноста итн. Воедно, во трудот се даваат повеќе аспекти на влијанието и инволвираноста на цивилниот и граѓанскиот сектор во остварувањето на демократскиот процес.

**Трудови на меѓународни конференции:**

[A5] **Jugoslav Ackoski**, Vladimir Trajkovik, Metrics for Service Availability and Service Reliability in Service-oriented Intelligence Information System, International Conference ICT Innovations 2012, Skopje, Macedonia, September 12 – 15, 2012

This paper gives contribution in definition of metrics for service reliability and service availability in terms of their usage by the end-user.

[A6] **Jugoslav Ackoski**, Vladimir Trajkovik and Danco Davcev, Service-Oriented Architecture Concept for Intelligence Information System Development, The Third International Conferences on Advanced Service Computing SERVICE COMPUTATION 2011 (IARIA), Rome, Italy, September 25 - 30, 2011

This paper presents an idea for Service Oriented Architecture (SOA) approach in the prototype of Intelligence Information System (IIS). IIS prototype, based on SOA, could offer better coordination among institutions involved in intelligence thus providing an increase of the intelligence effectiveness. This approach can serve as a foundation for the establishment of the Integrated Intelligence System which is based on services as the software components. In this paper we propose five postulates that can serve as a checklist for the integration of SOA in IIS.

[A7] **Jugoslav Ackoski**, Vladimir Trajkovik, Intelligence Information System (IIS) with SOA-based Information Systems, 33rd International Conference on INFORMATION TECHNOLOGY INTERFACES, IEEE, Cavtat/Dubrovnik, Croatia, June 27 - 30, 2011

Intelligence Information System (IIS) is created in order to satisfy unique intelligence functions. Users of the system are part of a certain department, section, service or agency with the various specific features of the work, for the purpose of satisfying the processes of intelligence cycle. The information exchange or its use and availability to different participants depending on the information system security polices to a great extent helps authorities in the decision making process. It also helps them in the planning future steps. To achieve the above, a model of information systems integration that can be used with different technologies and different integration platforms has to be developed. This paper presents the features of information systems required for integration with IIS, then it gives an overview of models for application integration and finally it presents a suitable solution model for the integration of different institutional information systems with IIS.

[A8] **Jugoslav Ackoski**, Vladimir Trajkovik and Danco Davcev, Security Issues for Intelligence Information System based on Service-Oriented Architecture, International Conference ICT Innovations 2011, Skopje, Macedonia, September 14 – 16, 2011

Security is important requirement for service-oriented architecture (SOA), because SOA considers widespread services on different location and diverse operational platforms. Main challenge for SOA Security still drifts around "clouds" and that is insufficient frameworks for security models based on consistent and convenient methods. Contemporary security architectures and security protocols are in the phase of developing. SOA based systems are char-acterized with differences in security implementation as an encryption, access control, security monitoring, security management through dissimilar domains etc. Domains have services as endpoints in the information systems, which usu-ally form composite services. The workflow which is established through com-posite services is extending on different endpoints in different domains. This paper main aim is to give contribution in developing suitable security solu-tion to Intelligence Information System using web service security standards in order to reach appropriate level of information security as an authentication, au-thorization, privacy, integrity, trust, federated identities, confidentiality and more. Our paper uses approach in which useful information provided by the services is send out directly from the creators of information to the consumers of infor-mation. We introduce security and logging system that can be used as verification and validation middleware.

[A9] **Jugoslav Ackoski**, Vladimir Trajkovik and Metodija Dojcinovski, SOA Approach in Prototype of Intelligence Information System, International Conference ICT Innovations 2010, Ohrid, Macedonia, September 2010

Intelligence, as a service has a great significance for the country. An information system for support of intelligence activities is very often in everyday use and from that use comes great influence in the decision making process. Usage of the modern information technology in big way contributes for improvement of the process (activities) which are supporting intelligence cycles (planning, collecting, analyzing and dissemination). Although there is constant improvement as a result of the progress in the area of information technology, significant difference in the quality of work in the field of intelligence has not taken place in the last ten years. This paper presents an idea for SOA approach in prototype of Intelligence Information System. Prototype of IIS is a solution which should offer better coordination and Intelligence effectiveness. It is a foundation for establishing integrated system for Intelligence. SOA approach in information systems is a logical solution, not only for a temporary and short term usage but it is a perspective solution for general strategy in companies and governmental institutions.

[A10] **Jugoslav Ackoski**, Vladimir Trajkovik, Intelligence Information System Integration, The 8th International Conference for Informatics and Information Technology (CIIT 2011), Bitola, Macedonia, March 2011

Users of Intelligence Information System (IIS) are part of a security service or agency with the various specific features of the work, for the purpose of satisfying the processes of intelligence cycle. To achieve the above, a model of information systems integration that can be used with different technologies and different integration platforms has to be developed.This paper presents a suitable solution model for the integration of different institutional information systems with IIS.

[A11] Metodija Dojcinovski, **Jugoslav Ackoski**, Application of Contemporary Intelligence Models in Terms of Transformation and Security Sector Reform, International Conference Security in the Post-Conflict (Western) Balkans: Transition and Challenges Faced by the Republic of Macedonia (Security Studies and the Science of Security), Ohrid, Macedonia, May 27 - 28, 2011

This paper presents a new approach to the contemporary methods of organizing, establishing and functioning of intelligence systems in a way of offering solutions against security threats and challenges of the 21st century. The effectiveness of implementing the measures and activities depends on the intelligence models, identified as functioning in relation to the structured elements of the represented and realistically created segments, standard operative procedures, security procedures and material and technical means.Looking for a response to the issue of implementation of security and prevention activity during intelligence operations, this study emphasises the approach to using new types of organizing the intelligence structures, applying intelligence disciplines and intelligence components. Quoted are essential elements of contemporary profile of organization of the intelligence structures like, unmanned aerial vehicles, global position system, information technology, geo-information system, national intelligence cells, the role of the military attaché, cooperation and coordination with partnership services and formation of special intelligence units, supported by contemporary technology and systems.In this context, this paper initiates considerations based on scientific research regarding the successful implementation of reform and transformation of the security sector in Macedonia, in order to apply, unify and coordinate approach to existing capacity for successful implementation of intelligence operations, needed to oppose the security challenges of modern era.

[A12] **Jugoslav Ackoski** and Metodija Dojcinovski, Cyber Terrorism and Cyber Crime – Threats for Cyber Security, In Proceedings of First Annual International Scientific Conference Organized by "MIT University – Skopje", Makedonski Brod, Macedonia, June 09, 2012

This paper has aim to give contribution in supporting efforts against cyber threats recognized as a cyber terrorism and cyber crime. Also, it has aim to show future challenges related to cyber security and their emerging threats – cyber war, cyber terrorism and cyber crime.

[A13] **Jugoslav Achkoski**, Vladimir Trajkovik and Nevena Serafimova, A Concept for a Smart Web Portal Development in Intelligence Information System Based on SOA, The 10th International Conference for Informatics and Information Technology (CIIT 2013), Bitola, Macedonia, March 2013

This paper presents a concept for Service Oriented Architecture (SOA) approach in a prototype of an Intelligence Information System (IIS). IIS prototype, based on SOA, could offer better coordination among institutions involved in intelligence thus providing increase of intelligence effectiveness. This approach can serve as a foundation for the establishment of the Integrated Intelligence System, which is based on services as software components.

[A14] Методија Дојчиновски, **Југослав Ачкоски** „Оперативното планирање" во образованието на кадри за потребите на системот за управување со кризи,

Меѓународна научна и стручна конференција „РЕФОРМИТЕ НА БЕЗБЕДНОСНИОТ СЕКТОР ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ БОРБАТА ПРОТИВ КРИМИНАЛИТЕТОТ, (во организација на Европски Универзитет – Република Македонија), Скопје, Р. Македонија, 15.09. 2012

The paper presents place, role and mining of, operative planning" in Crises management system, leaded as a perspective process in System of the national security of Republic of Macedonia. The contest of paper reflect of the very importance mining, necessary and justifiable from education of personnel throw implementation of education process in segment of security and defense, stressing of the Crises management system.

**<u>Трудови на национални конференции:</u>**

[А15] Славко Ангелевски, **Југослав Ачкоски**, Невена Серафимова, Концепт за моделирање и симулации во справување со кризни ситуации,ЕТАИ, Охрид, Р. Македонија, Септември 2009 година.

Денес постојат голем број апликации од областа на моделирањето и симулациите кои се користат за потребите на системот за справување со кризи. Најголемиот број од нив се наменети за справување со поединечен проблем - закана, додека во реалноста кризната ситуација подразбира справување со повеќе независни аспекти на настанот. Симулациските алатки кои третираат различни аспекти на кризната состојба треба да бидат интегрирани со цел да им се овозможи на планерите, инструкторите и реализаторите приказ на комплетната слика за настанот. Ова може се постигне преку развој на концепт за систематско интегрирање на алатките за моделирање и симулации, во правец на креирање на комплетен одговор на кризната ситуација. Во трудот е презентиран концепт, со кој се овозможува интеграција на алатките за моделирање, симулација и визуелизација. Неговиот развој и имплементација може значително да ги подобри националните капацитети во доменот на справувањето со кризни ситуации. Воедно, презентиран е и можен пристап во моделирањето и симулацијата на борбата против тероризмот.

[А16] **Југослав Ачкоски**, Славко Ангелевски, Димитар Богатинов, Прототип апликација за Е- Архив, ЕТАИ, Охрид, Р. Македонија, Септември 2009 година

Во трудот е презентиран развојот на прототип апликација за електронски архив. Со него се овозможува следење на современите архивски трендови, транспарентност на дигитализираната граѓа, прилагодување на влијанието на технологијата во промена на информациската околина, заштита на дигитализираната и класичната граѓа, истражување на електронската архивска граѓа, како и истражување од далечина со што архивската граѓа станува достапна од било која точка на земјата во било кое време. Трудот е посветен на опис на апликацијата за електронски архив, наречена „е - архив", изработена врз база на платформата Lotus Notes. Бидејќи прототипот апликација е имплементиран модул на WEB Portal, разработена е структурата и содржината на WEB

Portal – от со сите негови модули, при што поединечно се презентирани карактеристиките на секој модул.

[А17] Мухамед Ибраими, **Југослав Ачкоски**, „Современи трендови на разузнавањето во борба против тероризмот“. Зборник на трудови од Научно-стручна конференција „MILCON ’12“, Скопје, Р. Македонија, стр. 159 – 165, 14.05.2012

Сенката на тероризмот се повеќе почна да надвиснува над светот, над неговата судбина и иднина. Борбата против ова современо зло, против овој „флуиден“ непријател со (не) јасен концепт бара многу знаење, но најмногу правовремени, квалитетни и валидни операции. Без солидно разузнавање во оваа свера, што во иднина неминовно ќе мора да прерасне во посебна научна дисциплина, ќе бидеме осудени да бидеме „слепи“ и немоќни против канџите на терористичкото лудило кои неминовно демнеат над своите невини жртви. Во спротивно, тероризмот секогаш ќе биде прв на потег.

[А18] Зоран Стојановски, Методија Дојчиновски, **Југослав Ачкоски**, „Сајбер тероризмот - закана за системите за поддршка на процесот на планирање на современите операции“. Зборник на трудови од Научно-стручна конференција „MILCON ’12“, Скопје, Р. Македонија, стр. 225 – 230, 14.05.2012

Информациско – комуникациската технологија (eng.Information Communication Technology (ICT)) со одредени компјутерски алатки нуди исклучителна поддршка во процесот на планирање и донесување на одлуки. Оваа технологија за поддршка при планирање и донесување на одлука станува се позастапена и истата се вклучува во поголемиот дел од фазите во процесот на планирање и донесување на воена одлука. Се поголемото инволвирање на компјутерските системи во бизнис процесите, а во нашиот случај планирање и процес на донесување одлука , ќе придонесе создавање на зависност од ICT , со што и тероризмот преку сајбер-просторот може да стане сериозна закана.

ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ

| **Ред. број** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | **Вкупно поени** |
|---|---|---|---|---|
| | | **во земјата** | **во странство** | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 4. | Интерна скрипта од предавања | 1x4 | - | 4 |
| 18. | Раководител на семинар | 1x2 | - | 2 |
| 25. | Предавања (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период на прв циклус на студии) | | | |
| | ТПЦНК | 3x3/8x1/2 | - | 0,56 |
| 26. | Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период на прв циклус на студии) | | | |
| | СКСКиТ | 15/16x0,5x2 | - | 0.94 |
| | СУО | 15/16x0,5x2 | - | 0.94 |
| | БКИС | 15/16x0,5 | - | 0.47 |
| | НБ | 3/16x0,5x2 | - | 0.15 |
| | Информатика | 15/16x0,5 | - | 0.47 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ТГПА | 15/16x0,5 | - | 0.47 |
| | Методика на ТО | 15/16x0,5 | - | 0.47 |
| **ВКУПНО** | | | | **10.47** |
| | **Научноистражувачка дејност** | **во земјата** | **во странство** | |
| 4. | Труд со оргинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/останати) | 4x3 | | 12 |
| 5. | Труд со оргинални научни резултати објавени во зборник од трудови на научен собир | 4x1 | 10x2 | 24 |
| 10. | Одбранета докторска работа | 1x8 | - | 8 |
| 19. | Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | 1x1 | - | 1 |
| 23. | Рецезент на научен труд (СЦИ/ЦА/останати) | | | |
| | MILCON 2012 | 2x1 | | 2 |
| | ICT Innovations 2013 | 3x1 | | 3 |
| **ВКУПНО** | | | | **56** |
| | **Стручно-апликативна дејност** | **во земјата** | **во странство** | |
| 17. | Елаборати и експертизи | 3x2 | - | 6 |
| 28. | Член на факултетски орган, комисија | 12x2 | - | 24 |
| **ВКУПНО** | | | | **30** |
| | | | | |
| | | | **ВКУПНО** | **96.47** |

**IV. Заклучок и предлог**

Врз основа на изнесените податоци за професионалната биографија, работното искуство и резултатите на д-р Југослав Ачкоски, комисијата константира дека кандидатот има завршено Воена академија насока артилерија и постдипломски студии — магистратура од областа на електротехничките науки – насока компјутерска техника и информатика, област апликативен софтвер и докторски студии од областа на техничките науки – област информациони системи и мрежи, програмски јазици и технологии. Од самиот преглед и карактеризација на изработените, рецензирани и објавени трудови, се гледа исклучително плоден научно-стручен развој на кандидатот. Покрај тоа, кандидатот има солидно работно искуство како предавач во одредени наставно-научни области.

Согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, каде што Воената кадемија е придружна членка, кандидатот мајор д-р Југослав Ачкоски ги исполнува сите услови за избор во наставничко звање. Тој покажува способност за наставно-образовна (НО), научно-истражувачка (НИ) и стручно-апликативна и организациско-развојна (САОР) активност, при што може да се констатира дека го надминува потребниот квантум (75 поени) за да биде избран во наставничко звање (96.47 поени).

Членовите на Рецензентската комисија имаат особена чест и задоволство да му предложат на Наставно-научниот совет на Воената академија "Генерал Михаило

Апостолски”– Скопје, придружна членка на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, кандидатот **мајор д-р Југослав Ачкоски** да го избере во звањето **доцент** во **научното подрачје на техничко-технолошки науки, научно поле: компјутерска техника и информатика, научна област: информациони системи и мрежи и научна област програмски јазици и технологии.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**

1. **д-р Владимир Трајковиќ, вон. проф. - претседател**
   Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство, УКИМ

2. **д-р Анастас Мишев, доц. – член**
   Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство, УКИМ

3. **д-р Митко Богданоски, доц. - член,**
   Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ - Скопје, УГД

# Р Е Ф Е Р А Т

# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАУЧНОТО ПОДРАЧЈЕ: ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ, НАУЧНО ПОЛЕ: БЕЗБЕДНОСТ, НАУЧНА ОБЛАСТ: БЕЗБЕДНОСНИ ЗАКАНИ И РИЗИЦИ, СОВРЕМЕНО ВОЈУВАЊЕ, ВОЕНИ ВЕШТИНИ, ПО ПРЕДМЕТОТ: ТАКТИКА НА РОДОТ ПЕШАДИЈА

Врз основа на член 132, став 1-5, од Законот за високо образование ("Службен весник на Република Македонија", бр 35/08, 103/08, 26/09) и Законот за Воена Академија (Службен весник на Република Македонија"бр 83/09), со Одлука бр. 03-17/76 од 02.05.2013 година донесена на седницата на Наставно-научниот совет на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски"- Скопје, одржана на 30.04.2013 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник за наставно-научно звање од научната област: Безбедносни закани и ризици, Современо војување, Воени вештини. Конкурсот беше објавен во весниците „Дневник" и „Журнал" од 09.04.2013 година, на кој во предвидениот рок се пријавија 4 (четири) кандидати.

При увид на доставената документација според условите по конкурсот, комисијата го констатираше следното:

1. д-р Ненад Танески, мајор, достави комплетна документација за избор во наставно-научно звање.
2. м-р Атанас Пановски, потполовник, достави некомплетна документација за избор во наставно-научно звање. Недостасуваат следните документи: диплома(уверение) за завршен трет циклус на студии - доктор на науки, потврда за здравствена способност и оценка од физичките проверки.
3. м-р Борко Симоски, полковник, достави некомплетна документација за избор во наставно-научно звање. Недостасуваат следните документи: диплома (уверение) за завршен трет циклус на студии - доктор на науки.
4. м-р Жикица Јовановски, полковник, достави некомплетна документација за избор во наставно-научно звање. Недостасуваат следните документи: диплома (уверение) за завршен трет циклус на студии - доктор на науки и список на објавени научни и стручни трудови (по еден примерок од трудовите - копија).

Врз основа на пријавите и приложената документација и по нивното разгледување, Рецензентската Комисија го доставува следниот,

## И З В Е Ш Т А Ј

По извршениот детален увид во приложената документација, Рецензентската комисија заклучи дека кандидатот под реден број 1 (еден) приложил комплетна и веродостојна документација со која ги задоволува конкурсните услови, додека кандидатите под реден број 2 (два), 3 (три) и 4 (четири) не ги задоволуваат конкурсните

услови и немаат комплетна документација, па согласно точка III од Конкурсот, Рецензентската комисија нема да ги разгледува нивните документи во овој извештај.

1. **Д-р Ненад Танески, мајор**

**Биографски податоци**

Кандидатот д-р Ненад Танески е роден на 30.03.1975 во Скопје, каде го завршил основното и средното образование со континуиран одличен успех. Во учебната 1995/96 година се запишал на Воената Академија – Генерал Михаило Апостолски, а дипломирал во август 1999 година. Во 2010 година магистрирал на Филозофскиот факултет-Скопје, Институтот за Безбедност, одбрана и мир. Во 2013 година се стекнал со научно звање доктор од областа на безбедноста.

**Оценка за научните, стручните, педагошките и други остварувања:**

Во периодот од 1999 до 2008 година ги извршувал следните должности во Баталјонот на Воената полиција во Скопје: командир на воено полициски вод; командир на воено полициски вод за техничка заштита и обезбедување; командир на прва воено полициска чета; офицер за операции. Во перидот од 2008 до 2012 година е припадник на Воената служба за безбедност и разузнавање при Министерството за одбрана. Од 2012 година до денес ја извршува должноста Раководител на одделение за стручна и административна служба при Воената Академија „Генерал Михајло Апостолски“- Скопје.

За постигнатите високи професионални резултати во досегашната работа повеќепати е пофалуван од Командантот на Воена Полиција по повод 7-ми Мај Денот на Безбедноста и Полицијата (2002,2004,2006 и 2007 година) и од Командантот на Специјалните сили по повод „Денот на Независноста“(2003 година). Како посебни стимулативни мерки кои се доделени како признание за постигнати високи стручни достигнувања во работата се:

1. Парична награда од Министерот за Одбрана од 20.000.00 денари – Мај 2005 г.;
2. Пофалница од Министерот за Одбрана – 2010 година.

На 01.06.2010 година успешно ги завршил студиите со одбрана на магистерскиот труд под наслов „Ефективни стратегии за борба против тероризмот во современите демократски држави“, со што се стекнал со академскиот назив Магистер од областа на *Безбедноста*, субспецијалност - *Национална Безбедност*. На 04.03.2013 година ја одбранил својата докторска дисертација на тема „Влијанието на асиметричните закани врз трансформација на водењето и суштината на војната во XXI век“ во која се користи со методолошките пристапи на проучување на безбедносните проблеми и теориите својствени во проучувањето на воените науки и се стекнал со научен степен *Доктор од областа на безбедноста*.

Во текот на својата досегашна кариера завршил бројни курсеви, учествувал на домашни и меѓународни семинари и посетувал конференции по следново:

- „Колективна обука на воената полиција“- Јули 2002 г. Скопје;

- „Менаџмент со обуката“- Октомври 2003 г. Скопје;
- „НАТО планирачка конференција“ – Септември 2004 г. Скопје;
- „Примена на Законот за вооружен конфликт“ - Октомври 2005 г. Турција;
- „НАТО/ПФП/МД вежба-Кооперативна Соработка 2005“ – Ноември 2005 г. – Скопје;
- „НАТО штабни офицери“ – Февруари 2006 г. Германија;
- „Контрола на бегалци при операции за поддршка на мирот“ - Март 2006 г. Турција;
- „Управување со буџет на Центри за обука“ – Јуни 2008 г. Велес;
- „Аналитика во разузнавањето“- Март 2010 г. Скопје.

Во текот на учебната 2010/2011 година во делот од практичната настава вклучен е во изведување на настава-предавања со студентите од прв циклус на студии на Филозофскиот факултет - Институтот за безбедност, одбрана и мир. Во текот на учебната 2012/2013 година вклучен е во наставата на Воената академија по предметите: Тактика на родот пешадија, Систем за управување со кризи заштита и спасување, Заштита од пожари, експлозии и опасни материи и Динамика на шумски пожари и пожари од големи размери.

Кандидатот, исто така, учествувал и во повеќе комисии во Министерството за одбрана, Генералштабот на АРМ и Воената академија. Д-р Ненад Танески во текот на својата досегашна кариера учествувал на домашни и меѓународни научни конференции. До сега има објавено повеќе стручни и научни трудови во земјава и во странство, а во 2012 година ја објавил и својата прва стручна монографија со наслов „*Нова ера на војувањето*“. Истотака бил вклучен и во неколку проекти од кои како позначаен ќе го издвоиме проектот за изготвување на Национална стратегија на Република Македонија за борба против тероризмот, септември – 2010 година и Извештај за процена на ранливост од климатски промени за Република Македонија, мај - 2012 година.

**Податоци за објавените стручни, научни трудови и учество на конференции:**

- Ненад Танески „Атентатите и нивната генеза I-Операции за обезбедување и заштита“, Штит – Година II, број 14, Министерство за Одбрана на Република Македонија, Октомври 2010, Скопје,
- Ненад Танески „Атентатите и нивната генеза II-Методи на напад и оружје што се користи при атентатите“, Штит – Година II, број 15, Министерство за Одбрана на Република Македонија, Ноември 2010, Скопје,
- Ненад Танески „Радикалниот ислам: Реална закана за безбедноста на Балканот“, Безбедносни Дијалози, Број 2, Година I, Филозофски факултет, Институт за безбедност, одбрана и мир, 2010, Скопје,
- „Чекор пред непријателот-Обезбедување и заштита на ВИП личности“, Штит – Година III, број 17, Министерство за Одбрана на Република Македонија, Јануари 2011, Скопје

- Ненад Танески „Democracy as a mechanism in prevention of asymmetrical secyrity threats“, International scientific conference: securyty in the post-conflict (western) balkans, Ohrid, 27-28 May, 2011,
- Ненад Танески „Методи за сузбивање на модерниот тероризам“, Безбедносни Дијалози, Број 4, Година II, Филозофски факултет, Институт за безбедност, одбрана и мир, 2011, Скопје,
- Ненад Танески „Со експерти против експерти – одбрана од сајбер закани“, Штит – Година IV, број 32, Министерство за Одбрана на Република Македонија, Април 2012, Скопје,
- Nenad Taneski, „Radikalni islam kao pretnja regionalnoj bezbednosti na Balkanu“, VI Naučni skup: Dani bezbjednosti „Drustvena reakcija na savremene oblike ugrozavanja bezbjednosti“, Banja Luka, 25.05.2012,
- Nenad Taneski, „Year of revolutions – awaking of middle east and fear of arab’s revolutionary spirit“, Annual International Scientific Conference, Global Security and Challenges of the 21st Century, Makedonski Brod, MIT University, 09 June 2012,
- Drage Petreski, PhD; Andrey Iliev, PhD; Nenad Taneski, MA; Zoran Cikarski, Chronological development of post-conflict peacebulding, ISBN 978-9989-134-07-4, Third international campus, Pepelishte, Republic of Macedonia, July 02-July 12.2012,
- Andrey Iliev, PhD; Drage Petreski, PhD; Nenad Taneski, MA, Retrospective of the stages of post-conflict peacebulding, ISBN 978-9989-134-07-4, Third international campus, Pepelishte, Republic of Macedonia, July 02-July 12.2012,
- Urim Vejseli, MA, Zanet Ristoska, PhD; Aleksandar Glavinov, PhD; Nenad Taneski, MA, The significance of the civil-military cooperation, ISBN 978-9989-134-07-4, Third international campus, Pepelishte, Republic of Macedonia, July 02-July 12.2012,
- Rina Kirkova, Nenad Taneski, „Homegrown terrorism – new challenge for the security sector of the Republic of Macedonia“,International Scientific Conference „Security sector reforms in the the Republic of Macedonia and their impact on crime curbing“, European University – Republic of Macedonia, Skopje, September, 2012,
- Андреј Илиев, Драге Петрески, Ненад Танески, „ Асиметричните закани како предизвик за реформите во безбедносниот сектор на РМакедонија“, Европски универзитет – Р. Македонија, Скопје, Септември, 2012,
- Ненад Танески „Тајната линија на фронтот“, ШТИТ – Година IV, број 39, Министерство за Одбрана на Република Македонија, Ноември 2012, Скопје,
- Ненад Танески „Бунтовништвото и неговата мутирачка природа во XXI век“, Безбедносни Дијалози, Број 2, Година III, Филозофски факултет, Институт за безбедност, одбрана и мир, 2012, Скопје,
- Glavinov Aleksandar, Nenad Taneski, Transformation of the Al Qaeda threat as new security challenge, VI. International scientific conference, 6th – 7th February 2013, Banská Bystrica, Slovak Republic,
- Glavinov Aleksandar, Nenad Taneski, Asimetricne pretnje i njihova refleksija u medjunarodnoj bezbednosti, IV međunarodni naučni skup, Multikulturalnost i savremeno društvo, 01.03.2013, Fakultet za pravne i poslovne studije dr Lazar Vrkatić, Novi Sad, Srbija.
- Glavinov Aleksandar, Taneski Nenad, The power of Globalization and Asymmetric War, SHAPING THE SECURITY ENVIRONMENT: WESTERN BALKANS AND BEYOND, monograph, ISBN 13: 978-9989-2851-4-1, 2013, Skopje.

| Ред. број | I. НАСТАВНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | Поени | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | во земјата | во странство | |
| 1 | Издавање на наставни содржини и помагала во електронска форма (на ЦД, ДВД и сл.) | 1x6 | | 6 |
| 2 | Научно популарна статија во весник, учество во образовна РТВ програма | 5x0.5 | | 2.5 |
| 3 | Предавања | 11.25 | | 11.25 |
| 4 | Вежби | 3 | | 3 |
| | | | **Вкупно** | **22.75** |
| **Ред. број** | **II. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ** | **Поени** | | **Вкупно** |
| | | **во земјата** | **во странство** | |
| 1 | Дел од монографија или научна книга | 1x6 | | 6 |
| 2 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | | 7x2 | 14 |
| 3 | Учество на научен собир со реферат (постер/ усно), концерт во земјата и во странство | | 7x1.5 | 10.5 |
| 4 | Одбранета докторска теза | 1x8 | | 8 |
| 5 | Одбранета магистерска работа | 1x4 | | 4 |
| 6 | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | | 1x3 | 3 |
| | | | **Вкупно** | **45.5** |
| **Ред.број** | **III. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИОНО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ** | **Поени** | | **Вкупно** |
| | | **во земјата** | **во странство** | |
| 1 | Книга | 1x10 | | 10 |
| 2 | Труд во стручно (научно-популарно) списание | 3x2 | | 6 |
| 3 | Учество на стручен собир со реферат (постер/усно) | 3x0.5 | | 1.5 |
| 4 | Стручни награди и признанија | 2x4 | | 8 |
| 5 | Член на факултетски орган, комисија | 7x2 | | 14 |
| | | | **Вкупно** | **39.5** |
| | | | **Вкупно** | **107.75** |

**Заклучок и предлог**

Врз основа на податоците за професионалната биографија, работното искуство и резултатите на д-р Ненад Танески, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот има завршено Воена академија - насока пешадија, постдипломски студии – магистратура од областа на безбедноста и докторат во областа на безбедноста и воените науки. Од самиот преглед и карактеристиките на изработените трудови, се гледа плоден научно-стручен развој на кандидатот.

Согласно со Законот за високо образование и од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев", каде што Воената академија е придружна членка, кандидатот д-р Ненад Танески целосно ги исполнува условите за избор во наставно-научно звање. Тој покажува способност за наставно-образовна, научно-истражувачка, стручно-апликативна и организациско-развојна активност, при што може да се констатира дека го исполнува потребниот квантум (75 поени) за да биде избран во наставно-научно звање – доцент (вкупниот број на поени на кандидатот е 107.75).

Членовите на Рецензентската комисија имаат особена чест и задоволство да му предложат на Наставно-научниот совет на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски"–Скопје, кандидатот д-р Ненад Танески, мајор, да го избере во наставно-научното звање доцент во наставно–научната област: Безбедносни закани и ризици, Современо војување, Воени вештини, за предметот Тактика на родот пешадија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**

1. **д-р Митко Котовчевски, ред. проф., с.р.**
   Институтот за безбедност, одбрана и мир, Скопје, УКИМ

2. **д-р Томе Батковски, ред. проф., с.р.**
   Факултет за безбедност, Скопје, УКО

2. **д-р Александар Главинов, доц., с.р.**
   Воена академија, Скопје, УГД

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-НАУЧНО-НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ УПРАВНО ПРАВО НА ВОЕНАТА АКАДЕМИЈА „ГЕНЕРАЛ МИХАИЛО АПОСТОЛСКИ“ - СКОПЈЕ ПРИДРУЖНА ЧЛЕНКА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Врз основа на член 132 од Законот за високото образование на РМ („Сл. весник на РМ“ бр. 35/08, 103/08, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011 и 51/2011 година), а согласно со член 32 став 1, според Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип („Универзитетски гласник“ број 26/2013), Наставно-научниот совет на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски – Скопје“ придружна членка на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип на седницата одржана на 02.05.2013 година, донесе Одлука бр. 03-17/73, за формирање на Рецензентска комисија во состав:

1. Редовен професор д-р Билјана Поповска (УКИМ), претседател,
2. Доцент д-р Александра Србиновска-Дончевски (ФОН), член,
3. Доцент д-р Методи Хаџи-Јанев (ВА), член.

На распишаниот Конкурс бр. 04-429/1, објавен во дневните весници „Дневник“ и „Журнал“ на 09.04. 2013 година за избор на наставник во наставно-научно-насловно звање во научната област: Управно право на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ - Скопје придружна членка на универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип- (понатаму: Конкурсот за избор на наставник), се пријави единствено кандидатот д-р Зоран Јовановски.

Врз основа на пријавата и приложената документација, а во склад со законските и правилските одредби од оваа проблематика, по нејзиното разгледување, Рецензентската Комисија го доставува следниот извештај:

**И З В Е Ш Т А Ј**

Кандидатот Д-р Зоран Јовановски кон пријавата ги има приложено потребните документи, предвидени со Конкурсот за избор на наствaник по предметот „Управно право“, за што Комисијата констатира дека истите се комплетни и веродостојни.

**1. Биографски податоци:**

Кандидатот Зоран Јовановски е роден на 21.09.1968 година во Тетово. Основно образование завршил во основното училиште во с.Теарце, во 1983 година. Своето образование го продолжува и завршува во Општата средна воена гимназија во Белград, во периодот од 1983 до 1987 година. По завршувањето на средното училиште, запишува Воена академија на Копнената војска во Белград, Република Србија и истата ја завршува во 1991 година, насока Артилерија, во Задар, Република Хрватска. Своето образование го продолжува запишувајќи се на Специјалистички студии од областа на

одбраната на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски” во Скопје 2003 година и на истите специјализирал на тема „Разузнавањето во поддршка на изведување воени операции“, во 2005 година. На 15.06.2011 година завршува постдипломските студии на Правниот факултет, на Универзитетот на Југосисточна Европа, во Тетово, на тема „Усвојување на стандардите на Европската унија за справување со организираниот криминалитет во законодавството на Република Македонија“ со што се стекнува со научен степен Магистер по Правни науки. На 20 јули 2012 година се стекнал со звање Магистер по Стратешко раководство на одбраната и вооружените сили на воената академија ”Георги Стојков Раковски” во Софија, Република Бугарија. На 31.08.2012 година на Правниот факултет „Јустинијан Први” ја одбранил својата докторска дисертација на тема: „Развојот на безбедносните служби на РМ (1945-2010)“ и се стекнал со научен степен доктор на правни науки.

**2. Оценка за научните, стручните, педагошките и други остварувања:**

Кандидатот во текот на досегашната кариера има учествувано на повеќе научни собири, како во земјата, така и во странство, од областа на правото. Одржал предавања на неколку научни и стручни собири, а активно се бавел и со наставна дејност на два универзитета во земјата.

**Од објавените стручни и научни трудови се издвојуват:**

- „Разузнавање и разузнавачки операции“, објавен 2006 година во Воената Академија, Скопје;
- „Државата и криминалот“, објавен 2010 година во годишниот зборник на Славјанскиот универзитет во Свети Николе;
- „Разузнавачки компоненти во АРМ“, објавен во април 2011 година во „Современа македонска одбрана“ и во списанието „Штит“.
- ,,Системот за безбедност на Република Македонија “ на факултет ,,Командно-штабен”април 2012 Софија.
- ,,Улогата на ЕВРОПОЛ во борбата со организираниот криминал во ЕС” на факултет “Национална безбедност и одбрана” мај 2012 Софија.
- ,,Подготовка и спроведување на воени дејствија во Република Македонија во 2001 година.” јуни 2012 Пловдив, Меѓународна конференција ХЕМУС.
- ,,Употреба на оперативната техника во демократското општество во борбата со меѓународниот тероризам” јуни Софија, Меѓународна конференција .
- ,, Политички аспекти на безбедносниот систем на Македонија во рамките на поранешна Југославија и по осамостојувањето на Република Македонија“, декември 2012 правен факултет ,,Јустинијан Први,, Скопје.

Научна монографија “Развој на безбедносните служби во Република Македонија(1945-2010)” промовирана во декември 2012 год.

**Вкупната актива на поени од активностите**

Кандидатот учествувал во наставно-образовната дејност на Универзитетот „ФОН“ и Европскиот Универзитет-Македонија во Скопје. Во наставно-истражувачката дејност и стручно-уметничките активности, кандидатот имал повеќекратен претстој во странство, каде ги проширувал своите квалитети и способности (има две магистратури), учествувал на повеќе научни собири и прави сериозни обиди во доменот на научно-

истражувачката дејност. При увид во документацијата комисијата констатира дека кандидатот се стекнал со значителен број на поени кои во склад според законските и правилските одредби се неопходни за избор во звање доцент.

**Преглед на бодовите од наставно образвона дејност, научноистражувачка дејност и стручно уметнички активности, стручно апликативната дејност и организациско развојна дејност за кандидатот д-р Зоран Јовановски**

| **Ред. број** | **Наставно - образовна дејност** | **Поени** | |
|---|---|---|---|
| | | **во земјата** | **во странство** |
| **1.** | **Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период)** | **Во земјата/во странство 16 часови по 0,5 поени** | |
| **2.** | **Вкупно освеоени поени од НО** | **20** | |
| **Ред. број** | **Научноистражувачка дејност и стручно уметнички активности** | **Поени** | |
| | | **во земјата** | **во странство** |
| **1.** | **Монографија или научна книга** | **10** | |
| **2.** | **Дел од монографија или научна книга** | **6** | |
| **3.** | **Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт** | | **6х2=12** |
| **4.** | **Одбранета докторска теза** | **8** | |
| **5.** | **Одбранета магистерска работа** | **2х4=8** | |
| **6.** | **Вкупно поени од (СУ)** | **44** | |
| **Ред. број** | **Стручно-апликативна дејност и организационо-развојна дејност** | **Поени** | |
| | | **во земјата** | **во странство** |
| **1.** | **Труд во стручно (научно-популарно) списание** | **2х2=4** | **4х6=24** |
| **2.** | **Пленарно предавање на стручен собир** | **1х2=2** | |
| **3.** | **Вкупно бодови од (САОР)** | **30** | |
| **4.** | **Вкупен број на бодови (НО), + (СУ) +( САОР)** | **94 бодови** | |

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со член 136 од Законот за високото образование на РМ и член 9, став 1 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип („Универзитетски гласник“ број 26/2013), по деталното разгледување на доставената документација Комисијата го констатира следново.

Врз основа на приложените трудови, работната биографија, искуството во наставната и научноистражувачката работа стекнати за време на своето работење, учеството на симпозиуми и конференции, а во склад со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип („Универзитетски гласник“ број 18/2011)

Комисијата констатира дека кандидатот има вкупно 94 бодови. Затоа, Комисијата со задоволство му препорачува на Наставно-научниот совет на Воената академија, да го избере кандидатот д-р Зоран Јовановски во звање насловен доцент во наставно-научната област Управно право.

**Р Е Ц Е Н З Е Н Т С К А  К О М И С И Ј А:**

1. Редовен професор д-р Билјана Поповска (УКИМ), претседател,с.р.
2. Доцент д-р Александра Србиновска-Дончевски (ФОН), член,с.р.
3. Доцент д-р Методи Хаџи-Јанев (ВА), член с.р.

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-НАУЧНО-НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРАВО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА, МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ И ИСТОРИЈА НА ДИПЛОМАТИЈАТА, КРИМИНОЛОГИЈА НА ВОЕНАТА АКАДЕМИЈА „ГЕНЕРАЛ МИХАИЛО АПОСТОЛСКИ“ - СКОПЈЕ ПРИДРУЖНА ЧЛЕНКА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Врз основа на член 132 од Законот за високото образование на РМ („Сл. весник на РМ“ бр. 35/08, 103/08, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011 и 51/2011 година), а согласно со член 32 став 1, според Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип („Универзитетски гласник“ број 26/2013), Наставно-научниот совет на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски – Скопје“ придружна членка на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип на седницата одржана на 02.05.2013 година, донесе Одлука бр. 03-17/72, за формирање на Рецензентска комисија во состав:

4. Редовен професор д-р Биљана Поповска (УКИМ), претседател,
5. Доцент д-р Александра Србиновска-Дончевски (ФОН), член,
6. Доцент д-р Методи Хаџи-Јанев (ВА), член.

На распишаниот Конкурс бр. 04-429/1, објавен во дневните весници „Дневник“ и „Журнал“ на 09.04. 2013 година за избор на наставник во наставно-научно-насловно звање во научната област: Право на Европката унија, Меѓународни односи и историја на дипломатијата, Криминологија на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ - Скопје придружна членка на универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип- (понатаму: Конкурсот за избор на наставник), се пријави единствено кандидатот д-р Фердинанд Оџаков.

Врз основа на пријавата и приложената документација, а во склад со законските и правилските одредби од оваа проблематика, по нејзиното разгледување, Рецензентската Комисија го доставува следниот извештај:

**И З В Е Ш Т А Ј**

Кандидатот Д-р Фердинанд Оџаков кон пријавата ги има приложено потребните документи, предвидени со Конкурсот за избор на наставник, за што Комисијата констатира дека истите се комплетни и веродостојни.

1. **Биографски податоци:**

Д-р Фердинанд Оџаков е роден во Гњилане, Р.Косово, на 31.мај 1969 година. Основното и Средното образование ги завршува во Скопје. Редовните студии на Институт за одбрана, безбедност и мир при Филозофскиот факултет во Скопје, ги завршува во 1994 година, со што го стекна стручниот назив Дипломиран професор по одбрана.

Во мај 1996 година започна со работа како стручен соработник во Министерството за одбрана на Република Македонија. Во периодот 1997 - 2004 година работи на повеќе работни места во Секторот за воена обврска и Секторот за политика, планирање и меѓународна соработка во истото министерство.

Од 2004 до 2007 година работи во Министерството за внатрешни работи. Првин како главен инспектор, а потоа и Виш полициски советник во Секторот за гранични работи на Бирото за јавна безбедност на Министерството за внатрешни работи.

Од 1. јуни 2007 година е поставен на местото Раководител на Воената служба за безбедност и разузнавање при Министерството за одбрана на Република Македонија

Магистерскиот труд под наслов „Улогата на разузнавачките служби во борбата против тероризмот и организираниот криминал“ го одбранил на 23 април 2010 година. Со одлука на Научно-Наставниот Совет на Воената Академија во Скопје од бр. 03-18/171 од 11.04.2012 , д-р Фердинанд Оџаков е избран за соработник по предметите “Оперативно планирање” и “ Планирање на подготовки за справување со цивилни ризици и опасности и стандардни оперативни процедури”.

По овие два предмети, Фердинанд Оџаков ги одржа вежбите во учебните 2011/2012 и 2012/2013 година. Со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за детективи и криминалистика при Европскиот универзитет-Република Македонија во Скопје, д-р Фердинанд Оџаков во септември 2011 година е избран за соработник по неколку предмети. Со оваа активност д-р Оџаков продолжува и во учебната 2011/2012 година, односно учебната 2012/2013 година.

На 21.01.2013 година на Факултетот за правни науки при Европскиот Универзитет-Република Македонија“ ја одбранил докторската дисертација под наслов „Уставни детерминанти на принципот на владеење на правото во одбраната и безбедноста – гаранција за евроатлантските интеграции на Република Македонија“ и се стекнал со звање доктор по правни науки.

## 2. Оценка за научните, стручните, педагошките и други остварувања:

Кандидатот во текот на досегашната кариера има учествувано на повеќе научни собири, како во земјата, така и во странство, од областа на правото. Воедно се јавува и како организатор на истите, а во еден наврат бил и рецензент на учебно помагало. Одржал предавања на неколку научни и стручни собири, а активно се бавел и со наставна дејност на два универзитета во земјата. Освен во наставано-образовната дејност д-р Оџаков интензивно работи и во научно-истражувачката дејност. Во таа насока д-р Оџаков се јавува како автор на повеќе трудови.

### Од објавените стручни и научни трудови се издвојуват:

1. “Разузнавачки операции и асиметрични закани ” , Соларис принт, Скопје, 2010, монографија во коавторство со доц.д-р Методија Дојчиновски

2. “ Улогата на разузнавачките служби во борбата против тероризмот и организираниот криминал”, Соларис принт, Скопје, 2010

3. “Regional Security and Intelligence Cooperation in the Western Balkans and Global Asymmetric Threats “, Defensor d.o.o Radomlje, Slovenia 2011, (коавтор во меѓународна монографија со трудот “ The role of intelligence services in combating terrorism”) , стр. 25-42

4. “ Uniting intelligence efforts to tackle new emerging threats,”ALBA PRIM”Shpk, Тирана, 2012 година, (коавтор во меѓународна монографија со трудот “The Connection of the Balkans, South America and the Middle East in relation to organized crime and its impact on terrorism”), стр. 60-72

5. “Влијанието на асиметричните закани врз безбедноста на глобално ниво со посебен осврт на Балканот”, Зборник на трудови, Меѓународна научна конференција “ Балканот-Безбедносен предизвик за Европа и Меѓународната заедница,”Универзитет “ Св. Кирил и Методиј, Филозофски факултет-Институт за безбедност одбрана и мир, 2010, стр.203-229”

6. “ Потребата од реформа на безбедносните системи на земјите од Западен Балкан за успешно справување со мултидимензионалните закани,”Зборник на рецензирани и презентирани трудови, Меѓународна научна и стручна конференција: “ Реформите на безбедносниот сектор во Република Македонија и нивното влијание врз борбата против криминалитетот,”Европски Универзитет-Република Македонија, Скопје, 2012, стр. 167-172 (коавтор со м-р Зоран Иванов)

7. “ Поврзаноста на организираниот криминал и тероризмот, Меѓународна научна конференција “ Сите лица на кризата”Европски универзитет-Република Македонија, Скопје, 2012 година

8. “ Управување со разузнавачко-безбедносните служби во заштитата на критичната инфраструктура на земјата и водечките авторитети од дејствата на терористичките организации,” Меѓународна научна конференција” Безбедноста и Евроатлантските перспективи на Балканот, Универзитет “Св.Климент Охридски”-Битола, Факултет за безбедност, 25-26 мај 2012 Охрид

9. “ Asymetrical threats as new challenges for security and intelligence community of the Balkan countries,” Меѓународна научна конференција “ Безбедноста на постконфликтниот (западен) Балкан, Транзицијата и предизвиците на Република Македонија”, Свети Климент Охридски-Битола, Volume I, стр. 361-367

**2.1. Вкупниот број на поени од - наставно образовната дејност, научно истрачувачката дејност и стручно - апликативната и организационо-развојна дејност на каднидатот**

Од приложената документација комисијата утврди дека кандидатот д-р Фердинанд Оџаков учествувал во наставно-образовната дејност на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски-Скопје“, придружна членка на „Универзитетот Гоце Делчев-Штип“ и Европскиот Универзитет-Македонија во Скопје. Во наставно-истражувачката дејност и стручно-уметничките активности, кандидатот остварил значителни резултати учествувајќи на повеќе научно-стручни собири во земјата и странство и прави сериозни обиди во доменот на научно-истражувачката дејност. При

увид во документацијата комисијата констатира дека кандидатот се стекнал со значителен број на поени кои во склад според законските и правилските одредби се неопходни за избор во звање доцент.

**Преглед на бодовите од наставно образвона дејност, научноистражувачка дејност и стручно уметнички активности, стручно апликативната дејност и организациско развојна дејност за кандидатот д-р Фердинанд Оџаков**

| Ред. број | Наставно - образовна дејност | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјата | во странство |
| 1. | Интерна скрипта од предавања | 4 | |
| 2. | Основен школски или средношколски учебник или научно популарна книга | 10 | |
| 3. | Рецензент на учебник, скрипта и сл. | 1 | |
| 4. | Предавања (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) | Во земјата/во странство<br>8 часови по 1 поен<br>3,5 | |
| 5. | Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) | Во земјата/во странство<br>16 часови по 0,5 поени<br>28 | |
| 6. | Вкупно освеоени поени од НО | 46,5 | |
| Ред. број | Научноистражувачка дејност и стручно уметнички активности | Поени | |
| | | во земјата | во странство |
| 1. | Дел од монографија или научна книга | | 2x10=20 |
| 2. | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | 1 | |
| 3. | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт | 2x4=8 | |
| 4. | Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт | 2x6=12 | |
| 5. | Одржано предавање по покана од научна инсти-туција, музички настап на официјален концерт | 2x3=6 | |
| 6. | Одбранета докторска теза | 8 | |
| 7. | Одбранета магистерска работа | 4 | |
| 8. | Вкупно поени од СУ - | 59 | |
| Ред.<br>Број | Стручно-апликативна дејност и организационо-развојна дејност | Поени | |
| | | во земјата | во странство |
| 1. | Пленарно предавање на стручен собир | | 2x4=8 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **2.** | **Претседател на организационен или програмски одбор на стрчен собир** | **3** | |
| **3.** | **Вкупно бодови од (САОР)** | **11** | |
| **4.** | **Вкупен број на бодови (НО), + (СУ) +( САОР)** | **116,5 бодови** | |

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со член 136 од Законот за високото образование на РМ и член 9, став 1 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип („Универзитетски гласник“ број 26/2013), по деталното разгледување на доставената документација Комисијата го констатира следново.

Врз основа на приложените трудови, работната биографија, искуството во наставната и научноистражувачката работа стекнати за време на своето работење, учеството на симпозиуми и конференции, а во склад со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип („Универзитетски гласник“ број 18/2011) Комисијата констатира дека кандидатот има вкупно 116,5 бодови. Затоа, Комисијата со задоволство му препорачува на Наставно-научниот совет на Воената академија, да го избере кандидатот д-р Фердинанд Оџаков во звање насловен доцент во наставно-научната област Право на Европската унија, Меѓународни односи и историја на дипломатијата, Криминологија.

**Р Е Ц Е Н З Е Н Т С К А   К О М И С И Ј А:**

4. Редовен професор д-р Билјана Поповска (УКИМ), претседател,с.р. ______

5. Доцент д-р Александра Србиновска-Дончевски (ФОН), член,с.р. _______

6. Доцент д-р Методи Хаџи-Јанев (ВА), член с.р. _______

# Р Е Ф Е Р А Т

# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ВО НАУЧНОТО ПОДРАЧЈЕ НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ НАУКИ, ПОЛЕ ОДБРАНА, НАУЧНА ОБЛАСТ НАЦИОНАЛНА БЕЗБЕДНОСТ, МЕЃУНАРОДНА БЕЗБЕДНОСТ, БЕЗБЕДНОСНИ И РАЗУЗНАВАЧКИ СИСТЕМИ

Со одлука бр. 03-17/74 од 02.05.2013 година, Наставно-научниот совет на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски" Скопје нѐ избра за членови на рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања во научното подрачје на општествените науки, поле: одбрана, научна област: национална безбедност, меѓународна безбедност, безбедносни и разузнавачки системи.

На конкурсот објавен во весниците „Дневник" и „Журнал" од 09.04.2013 година за избор на наставник, се пријавија 3 кандидат и тоа:

1. Д-р Мухамед Рацај, вработен во Армијата на Република Македонија, избран за наставник во Воената академија во 2010 година,
2. Д-р Методија Дојчиновски, вработен во Воената академија и избран за наставник во 2008 година,
3. М-р Атанас Пановски, вработен во Генералштабот на АРМ.

По прегледот на конкурсните материјали од сите пријавени кандидати, го доставуваме следниот,

## И З В Е Ш Т А Ј

Рецензентската комисија внимателно ги разгледа пристигнатите материјали и констатира дека, кандидатите на реден број 1 и 3 не ги исполнуваат конкурсните услови, заради што нема да ги разгледува нивните документи во овој извештај.

### 1. Д-р Методија Дојчиновски

### I БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатот д-р Методија Дојчиновски, роден е на 31.03.1967 година во Битола, општина Битола, Република Македонија. Основно училиште завршил 1981 година, а средно во 1985 година во Скопје. Во периодот од 1985-1989 година се школувал на

Воената академија на Копнена војска во Белград, воено-полициска специјалност. Првите чекори во воената кариера како потпоручник ги совладал во поранешната ЈНА, работејќи на Косово во периодот 1989-1992 година како припадник на воената полиција.

Во 1992 година запишал постдипломски студии на Факултетот за безбедност во Скопје, кои ги завршил во 1999 година како „магистер по криминалистика". Од 2003-2008 вршел истражувања во делот на военото разузнавање и безбедност, што резултираше со одбрана на докторска дисертација на тема ***„Модел на поставеност и функционирање на военото разузнавање во АРМ според стандардите на НАТО"***, на Филозофскиот факултет во Скопје – Институт за одбранбени и мировни студии.

Од 2008 година вработен е во Воената академија „Генерал Михаило Апостолски" Скопје, каде е избран во наставно научно звање доцент во областа ***„безбедност и разузнавање"***. Моментално врши должност ***Раководител на Катедра за безбедност кризен менаџмент, заштита и спасување во Воената академија.***

Во однос на професионалната кариера на кандидатот, значајно е да се издвојат следните податоци:

1. Кандидатот е вработен во Армијата на Република Македонија од 1992 година,
2. Во чин полковник е од јули 2010 година;
3. Англискиот јазик го познава и користи активно за што потврдуваат големиот број курсеви, школувања, научни истражувања и други активности во Европскиот центар за безбедносни студии – Германија (5), Воените-безбедносни институции во Англија (2), Воената служба за разузнавање и државните безбедносни служби на САД (2), Школата за обука на жандармеријата во Турција (2), Шпанија, Грција, Романија, Хрватска, Албанија;
4. Поседува безбедносен сертификат со степен „ДРЖАВНА ТАЈНА";
5. Последните две службени оценки за 2011 и 2012 година му се "ОСОБЕНО СЕ ИСТАКНУВА".

Од извршуваните раководни функции и командни должности во МО и АРМ се издвојуваат следните:

1. КОМАНДИР НА ЧЕТА на воена полиција;
2. КОМАНДАНТ НА БАТАЉОН на воена полиција;
3. НАЧАЛНИК ЗА БЕЗБЕДНОСТ во инжинериски полк;
4. ПОМОШНИК КОМАНДАНТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ во 1.гардиска бригада;
5. ОФИЦЕР ЗА РАЗУЗНАВАЊЕ во Г-2 во ГШ на АРМ;
6. НАЧАЛНИК НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА РАЗУЗНАВАЊЕ во ГШ на АРМ;
7. НАЧАЛНИК НА Г-2 ВО ЗДРУЖЕНАТА ОПЕРАТИВНА КОМАНДА НА КОВ;
8. СОВЕТНИК, КООРДИНАТОР И НОСИТЕЛ НА РЕФЕРАТ ПО СТРАНСКИ РАЗУЗНАВАЧКИ СЛУЖБИ ВО СБиР;

9. ОФИЦЕР ЗА КОНТРАРАЗУЗНАВАЊЕ ВО СБиР на МО;
10. НАЧАЛНИК НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КОНТРАРАЗУЗ-НАВАЊЕ ВО ВСБиР на МО;
11. НАЧАЛНИК НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ВО ВСБиР на МО;
12. ШЕФ НА ОТСЕК ЗА БЕЗБЕДНОСТ ВО ВОЕНАТА АКАДЕМИЈА
13. РАКОВОДИТЕЛ НА КАТЕДРА ЗА БЕЗБЕДНОСТ, КРИЗЕН МЕНАЏМЕНТ, ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ.

Од учеството на семинари, курсеви, студиски патувања и останати наставно образовни содржини, можат да се издвојат неколку:

1. ‘‘НАЦИОНАЛЕН РАЗУЗНАВАЧКИ КУРС НА САД”, 2000 година, Вашингтон;
2. Курс “РАЗУЗНАВАЧКИ АНАЛИТИЧАР”, 2000 година, Вашингтон;
3. Курс “РАЗУЗНАВАЧКО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА МУЛТИ-НАЦИОНАЛНИ ОПЕРАЦИИ, 2000 година, Вашингтон;
4. Курс “ТРЕНИНГ ПРОГРАМА ЗА КОМБИНИРАНО СТРАТЕГИСКО РАЗУЗНАВАЊЕ”, 2000 година, Вашингтон;
5. “НАТО-ГЕОГРАФИЈА” Ц-48, 2001 година, Германија;
6. “МЕДИУМИТЕ И ВООРУЖЕНИТЕ БЕЗБЕДНОСНИ СИЛИ, 2002 година, Германија;
7. “ЛИДЕРИ НА 21-ВЕК” 2003 година, Германија;
8. КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ВНАТРЕШНА БЕЗБЕДНОСТ, 2003 година, Германија;
9. РАЗОРУЖУВАЊЕ, ДЕМОБИЛИЗАЦИЈА И РЕИНТЕГРАЦИЈА, 2004 година, Скопје;
10. КУРС ЗА БЕЗБЕДНОСНА ПОЛИТИКА, 2004 година, Скопје;
11. Семинар за „МЕНАЏИРАЊЕ СО КРИЗИ”, 2004 година, Скопје;
12. Здружена симулациска НАТО вежба на „КРИЗЕН МЕНАЏМЕНТ”, 2005 година, Скопје;
13. „БОРБА ПРОТИВ ТЕРОРИЗМОТ И ИЛЕГАЛНАТА ТРГОВИЈА”, 2005 година, Анкара, Турција;
14. “МУЛТИНАЦИОНАЛНИ ОПЕРАЦИИ И ПРАВОТО”, 2005 година, Охрид, Македонија;
15. “ПРОГРАМА ЗА ТЕРОРИЗАМ И БЕЗБЕДНОСНИ СТУДИИ”, 2005 година, Гармиш, Германија;
16. ПРОГРАМА „СЕСИМ”, 2006 година, Хрватска;
17. “МИРОВНИ ОПЕРАЦИИ”, 2006 година, Германија;
18. Анализа на “ОЛИМПИСКИТЕ ИГРИ ВО АТИНА”, 2006 година, Атина;
19. “АСИМЕТРИЧНИ ЗАКАНИ И ЗАШТИТА НА СИЛИ”, 2006 година, Мадрид.

Покрај наведените ангажирања кандидатот бил ангажиран на следните проекти:

1. ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РАБОТНА ГРУПА за стандардизација на разузнавањето, контраразузнавањето и безбедноста во одбраната;
2. ЧЛЕН НА ДРЖАВНА РАБОТНА ГРУПА за изработка на договори за размена на класифицирани информации со странски земји.

На предлог на Министерството за одбрана, со Решение на Владата на РМ, вршел должност "ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КООРДИНАТИВНО ТЕЛО ВО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ГРАНИЧНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И ПОПРЕЧУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИ ЗА ШВЕРЦ СО ОРУЖЈЕ, ЛУЃЕ И ДРОГА".

## II НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Во однос на Наставно-образовната дејност, кандидтот д-р Методија Дојчиновски ги наведува следните активности:

1. Носител на меѓународниот образовно-безбедносен проект Летен Кампус во 2010 и 2013 година, организиран од страна на Воената академија на Регионалниот тренинг центар Криволак, Република Македонија;
2. Член на издавачкиот совет на „Современа македонска одбрана" од 2009 – 2012 година;
3. Член на организацискиот одбор на Меѓународната конференција „МИЛКОН 2012" Скопје, организирана од Воената академија и Министерството за одбрана;
4. Член на комисијата за одбрана на докторска дисертација, на м-р Жанет Ристоска, на Факултет за безбедност, во 2011 година;
5. Член на комисијата за одбрана на докторска дисертација, Југослав Ачкоски, 2013 година, на ФИНКИ, Скопје;
6. Ментор на специјалистичкиот труд „ "Логистичка поддршка на процесот на распоредување на единици на АРМ во НАТО водени операции" од кандидатот Цветковски Владимир, одбранет во 2012 година;
7. Рецензент на монографијата „Тероризам и организиран криминал" 2012, на д-р Фердинанд Оџаков
8. Рецензент на монографија „Улогата на разузнавачките служби во борбата против тероризмот" од м-р Фердинанд Оџаков во 2010 година
9. Учество во серијалот „20 години независност на РМ", за 2001 година, емитувана на повеќе телевизии во текот на 2012 година
10. Учество во поголем број рецензентски комисии, за избор на наставници и соработници на Воената академија Скопје.

Во рамки на наставниот процес, канидатот е ангажиран на наставата на Воената академија, на прв и втор циклус на студии, по следното:

**ДОДИПЛОМСКИ СТУДИИ**

1. Основи на национална безбедност – прва година
2. Оперативно планирање – трета година
3. Безбедност на компјутерски системи, компјутерски криминал и компјутерски тероризам – четврта година

**ПОСТДИПЛОМСКИ (МАГИСТЕРСКИ) СТУДИИ**

1. Национална безбедносна концепција и стратегија
2. Основи на националната одбрана и стратегија
3. Безбедносен систем на Република Македонија
4. Безбедносни и разузнавачки системи

**КУРС ЗА ОФИЦЕРИ ЗА ЛОГИСТИЧКИ СЛУЖБИ**

1. Раководење и командување
2. Менаџмент со информации и административна информатика
3. Основи на воеото право и општо-воени прописи

**ПОСТДИПЛОМСКИ СТУДИИ – СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА ЗА КОМАНДНИ И ШТАБНИ ДОЛЖНОСТИ**

1. Тактика – разузнавање
2. Национална безбедносна концепција и стратегија
3. Безбедносен систем на Република Македонија
4. Безбедносни и разузнавачки системи
5. Решавање на комплексни задачи

**КУРС ЗА ПИЛОТИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА АРМ**

1. Национален безбедносен систем на Република Македонија

## III НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во рамките на научно-истражувачката дејност, во периодот помеѓу изборот и реизборот, кандидатот објавил монографии, интерни скрипти и повеќе научни и стручни трудови во земјата и во странство.

**ОБЈАВЕНИ КНИГИ (МОНОГРАФИИ)**

1. **Методија Дојчиновски,** „Современо воено разузнавање”, Скопје, Соларис Принт, Скопје, 2009 година;

**2.** **Методија Дојчиновски, Фердинанд Оџаков,** „Разузнавачки операции”, Скопје, Соларис Принт, Скопје, 2010 година

## ИНТЕРНИ СКРИПТИ ОД ПРЕДАВАЊА

1. **Методија Дојчиновски,** Љупчо Левковски, „Основи на национална безбедност”, Воена академија, Скопје, 2010 година;
2. **Методија Дојчиновски,** Фердинанд Оџаков, „Оперативно планирање”, Воена академија, Скопје, 2010 година;
3. Југослав Ачкоски, **Методија Дојчиновски,** „Сигурност на комјутерски системи, компјутерски криминал и тероризам”, Воена академија, Скопје, 2012 година.

## ОБЈАВЕНИ ТРУДОВИ

## Трудови објавени во домашни и во странски списанија

1. **Методија Дојчиновски,** Југослав Ачкоски, „Менаџментот во одбраната и успешното владеење во демократиите”, Современа македонска одбрана (меѓународно списание) бр. 23 декември 2012 година;
2. **Методија Дојчиновски**, „Разузнавачка подготовка – императив за успешно изведување на воените операции” Современа македонска одбрана бр.19 од 2009 година;
3. Драге Петрески, Росе Смилески, **Методија Дојчиновски**, Кемо Ѓозо, „Трговијата со конвенционално оружје како глобален предизвик” Современа македонска одбрана бр. 20 од 2010 година;
4. Кемо Ѓозо, **Методија Дојчиновски**, Драге Петрески, „Самоубистве-ните напади – новото лице на тероризмот” Современа македонска одбрана бр. 20 од 2010 година;
5. Југослав Ачкоски, **Методија Дојчиновски,**„Сајбер криминал и заштита на дигиталните податоци во компјутерските мрежи”, Скопје, Современа македонска одбрана, 2011 година;
6. Југослав Ачкоски, Владимир Трајковиќ, **Методија Дојчиновски**, „An intelligence information Sistem, based on Service-Oriented Architecture: A Survey of Security isseeues”, Sofija, 2011 година;
7. **Методија Дојчиновски,** Гоце Анакиевски, „Chromatography as a forensic method in criminalistic identifications”, Криминалистицко-полициска академија – Белград, март 2013 година, во фаза на објавување;
8. **Методија Дојчиновски,** „Облици угрожавања људске безбедности у савременом друштву”, Мултикултуралност и савремено друштво, Нови Сад, 2013 (зборник на апстракти), во фаза на објавување.

## Трудови објавени во зборници

1. **Методија Дојчиновски**, „Разузнавачкиот циклус во подготовка на воените мисии” Годишник на факултетот за безбедност, 2008 година;
2. **Методија Дојчиновски,** „Криминалистички аспекти при спроведување на потражните операции на воената полиција” Годишник на факултетот за безбедност, Скопје, 2010 година;
